Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-765/11
15.05.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за волонтерството, што го утврди на седницата, одржана на 13 мај 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Број на седница и датум:** 73, 13.05.2025 12:00
**Архивски број:** 50-765

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.05.15 14:59:34 +02:00

Подготвил: Христина Мишевска, 13.05.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 14.05.2025
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 14.05.2025
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 14.05.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.05.14 16:56:21 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 14.05.2025 13:38 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=77cd2006-7d61-43e5-bc83-5caa495d7b2a&docSharePointURL=/materijali/2024/638729817286628522/Documents/act.docx&materialId=3e1fb859-3d32-4632-8764-97302fab8124** |

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и<br><br>Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за волонтерството

Скопје, мај 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија” бр.85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 103/21), се уредуваат волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерството и евиденцијата на волонтерската работа.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за волонтерството да се усогласат со споменатите измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за волонтерството се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за волонтерството не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВОТО

Член 1

Во Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија” бр.85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 103/21), во член 8 во ставовите 1 и 2 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Во ставот 3 зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 2

Во член 19 во ставот 2 и во член 20 во ставот 3 зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 3

Во член 21 во ставот 1 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 4

Во член 21-а во ставот (10) зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 5

Во член 22 во став (1) алинеја 1 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 6

Во член 24-а во ставот (3) зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија” .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВОТО

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за волонтерството содржи седум члена.

Со членовите од 1 до 6 од Предлогот на закон, се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со кои се врши пренесување на досегашните надлежности на Министерството за труд и социјална политика во Министерството за економија и труд.

Со членот 7 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за волонтерството со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ
КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 8

Странско лице може да волонтира во Република Северна Македонија врз основа на претходно обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика и регулиран престој во Република Северна Македонија.

Организаторот на волонтерската работа е должен во рок од 60 дена од денот на издавањето на согласноста од ставот 1 на овој член, да го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето на странското лице.

Начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласноста од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 19

Организаторот на волонтерската работа е должен да води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

Начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 20

Волонтерската книшка е јавна исправа.

Волонтерската книшка содржи податоци за видот и времетраењето на волонтерската работа и видот на обуката за која волонтерот се оспособил за времетраењето на волонтирањето.

Формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците, ќе ги пропише министерот за труд и социјална политика.

## VI. Надзор

Член 21

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.
Инспекцискиот надзор го врши Државниот инспекторат за труд преку инспекторите за труд.

Член 21-а

(1) Доколку при вршењето на инспекциски надзор инспекторот на трудот утврди дека организаторот на волонтерската работа сторил прекршок утврден во членот 22 од овој закон, инспекторот на трудот е должен за сторениот прекршок да состави записник и со решение изрекува опомена и определува рок во кој организаторот на волонтерската работа е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците.

(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член инспекторот на трудот утврди дека неправилностите и недостатоците се уште не се отстранети, со решение изрекува наредба, за отстранување на утврдената неправилност и недостаток.

(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот согласно со закон.

(4) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот утврди дека неправилностите и недостатоците с? уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка - наредба.

(5) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот ја запира постапката, со констатација во записникот согласно со закон.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, инспекторот на трудот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот согласно со закон.

(7) Во случајот од ставот (6) на овој член, инспекторот на трудот е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциска мерка согласно со закон.

(8) Против решението од ставовите (1), (2) и (7) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен согласно со закон.

(9) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1), (2) и (7) на овој член.

(10) За изречените опомени Државниот инспекторат за труд води евиденција на начин пропишан од министерот за труд и социјална политика.

Член 22

(1) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- не го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето на странско лице (член 8 став (2) од овој закон),
- го стави волонтерот во нееднаква положба поради раса, боја на кожа, пол, возраст, здравствената состојба односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности (член 9 од овој закон),
- не ја надомести штетата на волонтерот предизвикана за време или во врска со давање на волонтерската услуга, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи (член 12 став (2) од овој закон),
- не обезбеди услови за вршење на волонтерска работа согласно со законот и договорот за волонтерската работа, не му издаде волонтерска книшка за волонтерската работа и не ја пополни волонтерската книшка со потребните податоците прпишани со овој закон, не обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци, не обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста на волонтерот, не обезбеди осигурување од професионални болести, повреда на работа за време на волонтирање, согласно со прописите за пензиско-инвалидско осигурување и прописите за здравствено осигурување и не обезбеди други услови пропишани со овој закон или за кои меѓусебно тие се договориле (член 13 од овој закон),
- не склучи договор за волонтерство со волонтерот во писмена форма, доколку волонтерската работа трае повеќе од 40 часа месечно со домашно физичко лице или не склучи договор за волонтерска работа со странско физичко лице - волонтер (член 14 ставови (1) и (3) од овој закон),

- со склучениот договор за волонтерство го избегне склучувањето на договорот за вработување (член 17 од овој закон) и
- не води евиденција за волонтерската работа за сите волонтери (член 19 став (1) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 80 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ 150 до 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ 200 до 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 24-а

(1) Инспекторот на трудот пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршокот од членовите 22 и 24 од овој закон, е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за труд и социјална политика.